Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

Упатство за инсталација и користење

# Web Site blocker

MKSafeNet

Co-funded by the European Union

# Web Site blocker

Екстензијата Web Site Blocker за Chrome им овозможува на корисниците трајно да оневозможат пристап до веб-страници или да применат временски ограничувања. Заштити се себеси од одвлекувачка или штетна содржина или заштити ги твоите деца од несоодветен материјал.

За инсталација на екстензијата се користи следниот линк: https://chromewebstore.google.com/detail/web-site-blocker/aoabjfoanlljmgnohepbkimcekolejjn?hl=en-US&utm_source=ext_sidebar или може да се искористи пребарувачот во Chrome web store. Се клика на иконата „Add to Chrome“:




Потоа се потврдува изборот со кликање на копчето „Add extension“:



За влегување во делот за поставки на екстензијата се клика во горниот десен агол на прелистувачот Chrome во делот на екстензии и се одбира екстензијата „ Web Site blocker “:




Првиот екран од контролниот панел служи за додавање на сајтови кои сакате да бидат блокирани:




Вториот екран „Rules“ служи за воведување на правила кои ти овозможуваат да блокираш или дозволиш одредени страници во рамките на еден веб-сајт врз основа на клучни зборови пронајдени во URL-то. Ова ти дава попрецизна контрола отколку едноставно блокирање на цел домен. За додавање на ново правило се клика на „+ Add Rule“:

MKSafeNet
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО
Co-funded by the European Union




Во правилото на сликата подолу го дозволуваме Instagram.com но само за профилот mksafenet, другите профили ќе бидат блокирани:







На третиот екран во контролната табла „Redirect“ може да поставиме веб-страница која ќе се вчитува наместо блокираната страница. Во примерот

на сликата сите блокирани страници ќе бидат пренасочени кон mksafenet.mk:




Во четвртиот екран „Block by Keys“ можеме да блокираме страници кои во нивното URL го содржат клучниот збор што ќе го внесеме. Во долниот пример сите страници што го содржат „temu“ ќе бидат блокирани:




Екранот „Time Config“ служи за дефинирање кога е активна и кога е неактивна екстензијата. Во делот „Inactive Hours“ екстензијата е неактивна само за време на избраниот временски опсег и денови. Надвор од тоа време, сите страници се блокирани. Во делот „Active Hours“ екстензијата е активна само за време на избраниот временски опсег и денови. Надвор од тоа време, сите страници се деблокирани.


Co-funded by the European Union




На екранот „Set Password“ можеме да поставиме лозинка за заштита на екстензијата:

